INTERNATIONAL CRIMINAL COURT

Article 98

Agreement between the
UNITED STATES OF AMERICA
and MACEDONIA

Signed at Skopje June 30, 2003

NOTE BY THE DEPARTMENT OF STATE

Pursuant to Public Law 89—497, approved July 8, 1966 (80 Stat. 271; 1 U.S.C. 113)—

". . .the Treaties and Other International Acts Series issued under the authority of the Secretary of State shall be competent evidence . . . of the treaties, international agreements other than treaties, and proclamations by the President of such treaties and international agreements other than treaties, as the case may be, therein contained, in all the courts of law and equity and of maritime jurisdiction, and in all the tribunals and public offices of the United States, and of the several States, without any further proof or authentication thereof."

MACEDONIA

International Criminal Court: Article 98

Agreement signed at Skopje June 30, 2003;
Entered into force November 12, 2003.

Agreement between the Government of the United States of America and the Government of Macedonia regarding the Surrender of Persons to the International Criminal Court

The Government of the United States of America and the Government of Macedonia, hereinafter "the Parties,"

Reaffirming the importance of bringing to justice those who commit genocide, crimes against humanity and war crimes,

Recalling that the Rome Statute of the International Criminal Court done at Rome on July 17, 1998 by the United Nations Diplomatic Conference of Plenipotentiaries on the Establishment of an International Criminal Court is intended to complement and not supplant national criminal jurisdiction,

Considering the Government of the United States of America has expressed its intention to investigate and to prosecute where appropriate acts within the jurisdiction of the International Criminal Court alleged to have been committed by U.S. persons,

Considering that the Government of the United States of America remains committed to its legal obligations arising from the 1907 Hague Conventions, the 1949 Geneva Conventions, the 1948 Genocide Convention, and the 1984 Torture Convention,

Considering that the Government of Macedonia, by becoming a State Party to the Rome Statute of the International Criminal Court, has expressed its commitment to be bound by the rules and principles embodied therein,

Confirming that nothing in this agreement provides impunity with regard to genocide, crimes against humanity and war crimes,

Bearing in mind Article 98 of the Rome Statute,

Hereby agree as follows:

1. For the purposes of this Agreement, "U.S. persons" include all U.S. nationals and current and former U.S. military personnel with respect to acts or omissions allegedly committed or occurring while they are or were U.S. military personnel.

2. U.S. persons present in the territory of Macedonia shall not, absent the express consent of the Government of the United States of America,

(a) be surrendered or transferred by any means to the International Criminal Court for any purpose, or

(b) be surrendered or transferred by any means to any other entity or third country, or expelled to a third country, for the purpose of surrender to or transfer to the International Criminal Court.

3. When the Government of Macedonia extradites, surrenders, or otherwise transfers a U.S. person to a third country, the Government of Macedonia will not agree to the surrender or transfer of that person to the International Criminal Court by a third country, absent the express consent of the Government of the United States of America.

4. This Agreement shall enter into force upon an exchange of notes confirming that each Party has completed the necessary domestic legal requirements to bring the Agreement into force. It will remain in force until one year after the date on which one Party notifies the other of its intent to terminate this Agreement. The provisions of this Agreement shall continue to apply with respect to any act occurring, or any allegation arising, before the effective date of termination.

Done in duplicate in the English and Macedonian languages at Skopje this 30th day of June, 2003. In case of disputes, the English language shall prevail.

For the Government of the United States of America:

Lawrence E. Butler
Ambassador

For the Government of Macedonia:

Ilinka Mitreva
Minister of Foreign Affairs

Договор меѓу

Владата на Соединетите Американски Држави и

Владата на Македонија кој се однесува на предавањето на

лица на Меѓународниот кривичен суд

Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Македонија, во понатамошниот текст "Страни",

Потврдувајќи ја важноста од изведување пред лицето на правдата на оние кои вршат геноцид, кривични дела против човештвото и воени злосторства,

Потсетувајќи дека Римскиот статут за Меѓународниот кривичен суд, усвоен во Рим на 17 јули 1998 година, на Дипломатската конференција на Обединетите нации на ополномоштените претставници на државите за востановување на Меѓународниот кривичен суд, има цел да го дополни, а не да го замени националното кривично законодавство,

Земајќи предвид дека Владата на Соединетите Американски Држави ја изрази својата намера, во соодветните случаи, да води истраги и гонење за делата од надлежност на Меѓународниот кривичен суд, што наводно се сторени од страна на лица од Соединетите Американски Држави,

Земајќи предвид дека Владата на Соединетите Американски Држави останува доследна на нејзините правни обврски што произлегуваат од Хашката конвенција од 1907, од Женевските конвенции од 1949 година, Конвенцијата против геноцид од 1948 година и Конвенцијата против тортурата од 1984 година,

Земајќи предвид дека Владата на Македонија, со тоа што стана членка на Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд, ја изрази својата заложба за почитување на правилата и принципите содржани во него,

Потврдувајќи дека ништо во овој Договор не обезбедува неказнивост во поглед на делата геноцид, кривични дела против човештвото и воени злосторства,

Имајќи го предвид членот 98 од Римскиот статут,

Се согласуваат за следново:

1. За целите на овој Договор, изразот "лица од Соединетите Американски Држави" ги вклучува сите државјани на Соединетите Американски Држави и сегашни и поранешни припадници на воен персонал на Соединетите Американски Држави, во однос на дела што наводно се извршени со сторување или со несторување, додека тие се, или биле припадници на воен персонал на Соединетите Американски Држави.

2. Лицата од Соединетите Американски Држави кои се присутни на територијата на Македонија нема, без изразена согласност на Владата на Соединетите Американски Држави, да бидат:

а) предадени или на било кој начин пренесени на Меѓународниот кривичен суд за било која цел, или

б) предадени или на било кој начин пренесени на друг ентитет или трета земја, или протерани во трета земја, заради нивно предавање или пренесување до Меѓународниот кривичен суд.

3. Кога Владата на Македонија екстрадира, предава или на друг начин пренесува лице од Соединетите Американски Држави на трета држава, Владата на Македонија нема да се согласи тоа лице да биде предадено или пренесено на Меѓународниот кривичен суд од страна на третата држава, без изразена согласност на Владата на Соединетите Американски Држави.

4. Овој Договор ќе стапи во сила по размена на ноти со кои се потврдува дека кај секоја од страните се исполнети потребните внатрешно правни услови за негово стапување во сила. Тој ќе остане во сила по истекот на една година откако една од страните ја извести другата страна за својата намера да го раскине Договорот. Одредбите на овој Договор ќе продолжат да се применуваат во однос на било кое дејствие кое настанало, или ако произлезат било какви наводни обвинувања, пред датумот на раскинување на Договорот.

Сочинето во два оригинали на англиски и на македонски јазик, во Скопје, на 30 јуни 2003 година. Во случај на несогласувања, англискиот текст ќе преовладува.

За Владата на Соединетите Американски Држави

Лоренс Е. Батлер
Амбасадор

За Владата на Македонија

Илинка Митрева
Министер за надворешни работи